Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-82/3
Датум: 06-02-2025

По претставката бр. 08 – 588/1 од 30.8.2024 година, поднесена од Европски центар за правата на Ромите, во име на [redacted] против [redacted] за заштита од дискриминација во пристапот до добра и услуги врз основа на боја на кожа и етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ЗАПИРА** постапката за заштита од дискриминација заведена под бр. 08 – 588 од 30.8.2024 година поведена од [redacted] во име на [redacted] против [redacted] заради судска постапка за дискриминација.

### О б р а з л о ж е н и е

На 30.8.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] во име на [redacted] против [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на боја на кожа и етничка припадност во пристапот до услугите на [redacted]

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доби сознанија дека за истата правна работа е поведена судска постапка пред Основен суд Штип. Поради тоа со Барање за доставување на информации се обрати до Основен суд Штип од каде побара потврда на добиената информација.

На 31.1.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор од Основен суд Штип, во кој е наведено: *„На ден 17.12.2024 година во Основниот суд во Штип во граѓански оддел е поднесена тужба од тужителот [redacted] од Куманово, против тужениот [redacted] – [redacted], со основ Повреда на правото на еднков третман (област, пристап до добра и услуги), по која е заведен предмет под П4. бр. 31/24 и постапката е во тек."*

**Согласност член 27 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Комисијата носи заклучок за непостапување или за запирање на постапката по претставката во случај кога **постапката пред судот за истата работа е веќе поведена или се поведува во тек на постапката** или правосилно е завршена и за тоа го известува подносителот на претставката."*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Врз основа на информацијата од Основен суд Штип, а согласно наведениот член, Комисијата одлучи како во диспозитивот и ја запре постапката заведена под бр. 08 – 588 поведена од [redacted] во име на [redacted] против [redacted]

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Член на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:
- [redacted]